Методија СОКОЛОСКИ

# ЛЕРИН И ЛЕРИНСКО ВО XV И XVI ВЕК

Леринската нахија како основна административно-територијална единица во склопот на Паша санџакот[1] во текот на XV и XVI век по бројот на населените места, како и по пространство, е една од најголемите нахии[2] во Македонија. Така на пример, од податоците во опширниот пописен дефтер од околу 1481 година за Леринската нахија[3], се гледа дека во неа биле опфатени 167 населби, а во текот на XVI век и конкретно околу 1545 и 1568 година бројот на населените места во оваа нахија се движи помеѓу 193 и 196[4].

Зголемувањето на населбите во текот на XVI век во прв ред се должи на масовната колонизација на јуруци на тој терен како и на проширената исламизација на христијанскиот елемент.

Тоа најарно може да се види од податоците во самите пописни дефтери. Околу 1481 година во Леринската нахија се среќаваат 13 чисто муслимански населби. Во 1545 и 1568 година бројот на населбите и џематите само со муслиманско население во Леринската нахија изнесува околу 50, што значи скоро четири пати поголемо зголемување во споредба со 1481 година. Поопстојно за составот на населението во чисто муслиманските населби ќе говориме на друго место во продолжение.

---

[1] ПАША САНЏАК — назив за оној санџак каде што било седиштето на румелискиот беглербег. Санџак претставува административно-териториjална единица во склопот на најголема административна единица наречена вилает или ејалет или беглербеглак.

[2] НАХИЈА — назив за административно-териториална единица од најниска категорија, која била вклучена во некој санџак.

—[3] TAPU DEFTERI No 16 од околу 1481 година. Во овој опширен пописен дефтер се опфатени: Скопската, Тетовската, Кичевската, Велешката, Прилепската, Битолската и Леринската нахија. Пописот на Леринската нахија е преведен и објавен од Архивот на Македонија во едицијата Турски документи за историјата на македонскоот народ.

Опширни пописни дефтери од XV век, Том II Скопје 1973 стр. 272—489.

[4] Tahrir defteri No 235 од 1545 година и Tahrir Defteri No 182 од 1568 година во кој е опфатен и пописот а Битолската нахија. (Зо продолжение називите на пописните дефтери ќе ги предаваме со Т. Д.).

## Феудални лена во XV и XVI век

Сите населени места како и мезри[5] т.е. обработливи површини, во Леринската нахија се вклучени во феудални лена. Така на пример, околу 1481 година се регистрирани 55 тимари[6] што се доделени на поединци; 33 тимари доделени на уживање на по двајца; 4 тимари на по тројца; 2 на четворица и 1 тимар доделен на уживање на 5 мина; 2 тимари се останати слободни. Според тоа вкупниот број на тимарите во Леринската нахија околу 1481 година изнесува 97, а бројот на спахиите-тимариоти е 148. Феудално лено од повисока категорија, наречено зеамет[7], со годишен приход од 20—99.999 акчиња има само едно, што му е доделено на субашијата на градот Лерин и Леринската нахија, по име Мустафа-бег, син на Тургут-бег. Во неговиот зеамет се вклучени градот Лерин и селата: Калуѓерица кое имало 24 семејства; Зазари 25 семејства, Ново Село 129 семејства, како и 3 чисто муслимански населби и тоа: Омерлер, Ахмед Пир и селото Емир со вкупно 17 семејства во трите села. Трите муслимански села се новосоздадени населби[8].

Годишниот приход од натуралната и парична рента на субашијата од градот Лерин и шесте села изнесува 51.719 акчиња. Како хасови[9] на падишахот се вклучени следните села од Леринската нахија: Пантелеј со 47 семејства; Горничево со 33; Рошавица со 17; Граматиково со 96; Катраница со 297; Крмско со 94; Кутлево со 3 и муслиманското село Ејле Обаси со 30 јуручки семејства.

Помеѓу притежателите на тимари се среќаваат: — четворица јаничари; петмина „нови муслимани“, што значи исламизирани христијани; тројца со презиме „Абдула“ исто така исламизирани христијани, како и еден по име Мехмед син на Јован, пак исламизиран христијанин. Има еден притежава на тимар од редот на христијаните по име Танаси Балабан. Му бил доделен тимар на сераскерот[10] на Леринската нахија како и на кадијата на Лерин по име Исхак Челеби.

Во 1545 година на територијата на Леринската нахија има 61 тимар, од кои 22 ги уживаат поединци, а 39 се заеднички. Понатаму 31 село се вклучени во зеамети и 32 во хасови. Така

[5] МЕЗРА (Mezre). Овој термин во некои случаи се употребува за испустени или раселени села. Во други случаи означува обработлива површина на земја.

[6] ТИМАР (timar) — назив за феудално лено од најниска категорија со годишен приход максимум до 19.999 акчиња.

[7] ЗЕАМЕТ (zeamet) — назив за феудално лено од втора категорија со годишен приход од 20 до 99.000 акчиња.

[8] Во пописниот дефтер стои „harič ez defter», што значи „вон од дефтерот» т.е. дека во претходниот пописен дефтер не биле опфатени.

[9] ХАС (Hass) — назив за феудално лено од највисока категорија со годишен приход од 100.000 до преку еден милион акчиња.

[10] СЕРАСКЕР (serasker) — воен старешина; врховен заповедник на војска во време за воени походи, кога не учествувал самиот султан.

на пример во хасовите на падишахот по ова време се вклучени градот Лерин и 11 други села (Острово, Коњух, Ослоја, Крушорад, Кладобор, Росна, Елхово, Добровени, Русилово, Борешница и Нерет). Годишниот приход на падишахот од сите овие села и од градот Лерин изнесува 244.170 акчиња. Во хасовите на великиот везир Рустем Паша се вклучени селата: Спанци, Добровишта, Папашево, Ѓулинци, Сотир и Горни Палихор со годишен приход во износ од 6199 акчиња. Во хасовите на румелискиот беглербег, Ахмед Паша, се вклучени селата: Баница, Новосело, Неволјани, Долни Палихор, Дубјак, Туденци, Мотешница и Черохово со годишен приход од 94.291 акче. Во хасовите на Мехмед Челеби, дефтердар[11] при царската благајна, се вклучени 4 села: Уџани, Калуѓерица, Чор и Вилани со годишен приход од 19.915 акчиња. Во хасовите на солунскиот Санџак-бег, по име Абди-бег, се вклучени селата: Стенче, Зеленич, Селце, Червена, Бучин, Жупан и Гуслав, со годишен приход, од сите села во износ од 17.951 акче. Помеѓу притежателите на зеамети, во кои се вклучени и села од Леринската нахија, ќе ги спомeнеме: Ќатиб Челеби, во чијшто зеамет се вклучени селата: Живојно, Винкрчиште, Черниште, Грачани и Горничево, со годишен приход во износ од 38.881 акче, плус 4.311 акчиња од пасиштето во селото Црнобуки во Битолско или вкупно 43.192 акчиња. Помеѓу притежателите на зеамети се срекаваат 7 чауши[12] при султанскиот двор и други службени лица.

Во 1568 година во хасови се вклучени 36 села и градот Лерин (во 1545 беа 32 села) и тоа: во хасовите на падишахот е градот Лерин и 11 села со годишен приход од 108.972 акчиња. Од селата што беа вклучени во хасовите на падишахот во 1545 година се останати само 4 (Коњух, Крушоред, Елхово и Нерет) а останатите 7 се сосема други. Во хасовите на великиот везир[13] Мехмед Паша се опфатени 3 села со приход од 18.000 акчиња. Во хасовите на везирот Махмуд Паша се опфатени 6 села со приход од 99.567. Во хасовите на румелискиот беглербег[14], по име Хусеин Паша, се вклучени 7 села со приход од 60.050 акчиња. Во хасовите на Али Паша, беглербег на Алжир и други соседни земји, се вклучени 4 села со годишен приход во износ од 133.931 акче. Во хасовите на солунскиот санџак-бег[15] се 2 села

---

[11] ДЕФТЕРДАР (Defterdar) — назив за највисок службеник на финансии било во вилаетот или при султанскиот двор.

[12] ЧАУШ (Çavuş) — офицер при султанската гарда или при беглербегот ко пренесувал разни наредби во внатрешноста.

[13] ВЕЗИР (Vezir) — звање што се давало на највисоки државни службеници во ранг на министри или обласни упрвители (беглербегови).

[14] Румелија назив за европска Турција, која во текот на XV век претставувала административно-упрвна единица наречена вилает или беглербеглак, со која управувал беглербегот или уште наречен мир-и миран.

[15] САНЏАК-бег (Sancak-begi) — назив за управувач на сандак кој уште се викал и „mir-i liva».

и во хасовите на Ахмед Челеби, дефтердар при царската благајна, се 3 села со годишен приход од 21.000 акчиња. Во зеамети се вклучени околу 30 села од Леринската нахија. Што се однесува до тимарите, нивниот број е 113, од кои 43 единични и 70 тимари доделени на заедничко уживање.

Она што го подвлекуваме во врска со селата што биле вклучени во хасови на падишахот во 1545 и 1568 година, во смисла дека многу мал број села останале од поранешните, истото се однесува и за хасовите на великиот везир, за румелискиот беглербег, солунскиот санџак-бег, дефтердарот при царската благајна и други. Со други зборови кажано населбите доста често го менувале феудалниот господар.

## Градот Лерин[16]

Од претходното излагање во врска со феудалните лена во Леринската нахија можевме да видиме дека околу 1481 година градот Лерин бил вклучен во феудално лено од втора категорија-зеамет, што му било доделено на субашијата[17] на Лерин и Леринско. Во 1545 и 1568 година ние видовме дека градот Лерин е вклучен како хас на падишахот.

Каков бил развојниот пат на градот Лерин од 1481 до 1568 година најарно ќе ни го покажат податоците од опширните пописни дефтери со кои што моментално располагаме, а се однесуваат на Леринската нахија.

Најнапред би го проследиле движењето на составот на населението во овој град врз основа на следниот табеларен преглед, изработен според показателите во опширните пописни дефтери од 1481, 1545, 1568 и од крајот на XVI век.

Следејќи ги бројчаните показатели во табеларниот преглед за движењето на христијанското население во градот Лерин, гледаме дека бројот на семејствата е во постојано опаѓање. Сметајќи ги и вдовиците како семејства во 1481 година вкупниот број на христијанските семејства изнесува 199, во 1545 година спаѓа на 172, за да се сведе на втората половина од XVI век само на 26, односно 24 христијански семејства. Оваа појава за огромно смалување на христијанскиот елемент во еден град во Македонија е единствена во градот Лерин, бидејќи нема ниеден друг град со такво смалување на христијанскиот елемент.

Што се однесува до движењето на муслиманскиот елемент во овој град, во табеларниот преглед е сосема евидентно дека е тој во постојан растеж, бидејќи бројот на муслиманските се-

[16] За градот Лерин во турските документи стои називот Филорина.

[17] СУБАШИЈА (Subaşi) — воен заповедник; воено-административен командант во поголемите населби.

## Табеларен преглед

## за составот на населението во градот Лерин во XV и XVI век

| Реден број | № на пописниот дефтер и година | Христијани | | | Муслимани | | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Семејства | Вдовици | Неженете | Семејства | Неженети | |
| 1. | № 16 од 1481 год. | 160 | 39 | — | 40 | 4 | Од муслиманските седум мина сеисламизирани христијни. Неженетите христијани не се регистригани |
| 2. | № 235 од 1545 год. | 167 | 5 | 2 | 79 | — | Податоците за 1545 год. ми ги даде Александар Стојановски |
| 2. | № 182 од 1568 год. | 26 | — | 5 | 186 | 17 | Од муслиманите 60 мина се исламизирани христијани |
| 4. | № 722 од крајот на XVI век | 24 | — | 5 | 204 | — | Од регистрираните муслимани 53 се исламизирани христијани |

мејства во 1481 година е 40, за да се зголеми при крајот на XVI век на 204, што претставува зголемување за 5 пати во споредба со 1481 година. Досегашните испитувања, проучувања и следења на движењето на градското население во цела Македонија недвосмислено не доведоа до констатација дека една од основните причини за смалување на христијанскиот елемент по градовите лежи во исламизацијата на христијанскиот елемент[18]. Од внесените забелешки во табеларниот преглед, во врска со бројот на исламизираните во 1481, 1568 и при крајот на XVI век, произлегува дека над 30% од регистрираните муслимански семејства се исламизирани христијани. Ако се има предвид дека преку податоците во опширните пописни дефтери можевме да проследиме само една генерација и дека синовите на исламизираните татковци-христијани, не сме во состојба да ги констатираме, од тука произлегува дека бројот на исламизираните е многу поголем од оној што го прикажуваме врз основа на конкретните податоци од пописните дефтери. Ако се земе пред-

[18] Види кај М. Соколоски, Развојниот пат на некои градови во Македонија во XV и XVI век. Списание ИСТОРИЈА, Год. VII, Скопје, 1971, стр. 33—36.

вид овој момент, тогаш ќе може донекаде и да се разбере огромното смалување на христијанскиот, односно македонскиот елемент, во градот Лерин во втората половина од XVI век.

**Пописот на градското население** во 1481 година почнува со пописот на христијаните и тоа по маала. Првото маало[19] се вика „Поп Петре" и имало 48 семејства. Називот го има по првиот регистриран жител-поп Петре. Второто се вика „Тодор син на Манче" со 75 семејства и третото маало наречено „Димитри син на Дујко" имало 76 семејства. Пописот на муслиманите не е даден по маала, ами се прикажани како „џемат" (група)[20].

Во опширните дефтери од XVI век пописот на градското население во градот е даден по маала како за христијаните исто така и за муслиманите. Така, на пример, во 1545 година христијанското население е регистрирано во 6 маала со следните називи: „Кирко Данче", „Филип Панче", „Никола Владе", „Димитри Томо" и „Никола Јонко". Бројот на регистрираните семејства по маалата се движи од 30 до 37.

Бројот на муслиманските маала во 1545 е три, со следните називи:

1. Маало — „Џамија на покојниот Јакуп-бег".
2. маало „Ќатиб Али".
3. маало „Хамза-бег.

Во наредните опширни пописни дефтери од 1568 година и од крајот на XVI век називите на муслиманските маала се задржани исти, додека од петте христијански маала останува само едно и тоа „Кирко Данче", во кое 1568 година има 26, а при крајот на XVI век 24 христијански семејства. При крајот на XVI век во христијанските маала се регистрирани 18 баштини[21], од кои 11 се во рацете на муслимани. Најверојатно овие 11 души се исламизирани христијани, а може да се претпостави дека тие баштини се купени од муслимани или просто узурпирани. Називот баштина се употребува исклучиво за земјишен имот на христијани. Во пописните дефтери се заведени како баштини, иако се во рацете на муслимани, заради тоа што баштините биле задолжени со по 25 акчиња годишно на име испенџе и за да не се намалат приходите на феудалниот господар, тие се регистрирани и фигурираат како баштини иако се во рацете

---

[19] МААЛО (Mahalle) — назив за градска четврт; маало; селска населба која нема одреден атар или синор; населба која е приклучена кон некоја друга населба

[20] ЏЕМАТ (Cemaat) — назив за верска, социјална или територијална група; назив за поголеми воено одреди војска или полувоени одреди. Во пописните дефтери овој израз најчесто се употребува при пописот на јуриците како посебни групи.

[21] БАШТИНА. Во пописните дефтери со терминот баштина се наречувал земјишниот имот на христијаните. За муслиманите тој имот фигурира како чифлик.

на муслимани. Така, при крајот на XVI век, 11 баштини се задолжени со плаќање испенџе. Оваа појава ја среќаваме и во пописите на други нахии во Македонија во текот на XVI век.

Во 1481 година помеѓу регистрираните муслимани се среќаваат 2 касапи, 1 сарач, 2 шивачи, 1 бањар, 1 бакал, 1 хатиб[22] 1 имам[23] и 1 муезин[24]. Помеѓу христијаните има 4 кожувари, 1 кујумџија, 1 протуѓер. Треба да одбележиме дека од вкупно 199 христијански семејства во 1481 година 39 се вдовички, или секое петто семејство во градот е вдовичко.

Во XVI век помеѓу регистрираните муслимани се среќаваат повеќе верски и просветни службеници како и лица што биле задолжени со собирање, или помагање во собирањето, на редовните и вонредните државни даноци. Така, на пример, бројот на имамите се движи од 3 до 4, на муезините од 2 до 4; хатиби 1 до 2; учители 2; собирачи на даноци (мухасил)[25] од 6 до 7; акинџии[26] од 5 до 7; трговци со стока (џелепи) од 6 до 8. Од занаетчии се среќаваат шивачи, шапкари, табаци[27] (обработувачи на кожа), налбати, касапи и други.

Занаетчии од редот на христијаните се мошне ретки. Таа појава не е карактеристична само за градот Лерин, туку и за сите други градови во Македонија. Може слободно да се каже дека занаетчиството било еден вид привилегија на муслиманите, особено во текот на XV век и дури во втората половина на XVI век во некои градови во Македонија почнува да се зголемува бројот на занаетчиите од редот на христијаните.

Во текот на XVI век во градот Лерин и Леринско се среќаваат вакафски имоти. Така, на пример, при џамијата на Хамзабег, со чие име е наречено и едно од муслиманските маала во Лерин, биле увакафени (завештани) 90 дуќани и една продавница на глави во Лерин, потоа еден амам[28] во градот Битола, три воденици во село Петорак и една воденица во село Кучковени. Годишниот приход од овој вакафски имот изнесувал 13.742 акчиња и тоа од дуќаните 6.000, од продавниците на глави 2.600, од амамот во Битола 4.300 и од четирите воденици 842 акчиња.

[22] ХТИБ A(Hatib) — проповедник во џамија, кој во петок и на двата бајрами држи проповед пред верниците. Секоја џамија имала свој хатиб.

[23] ИМАМ (Imam) — муслиманско духовно лице кое раководи со задолжителните молитви во џамијата и се смета како главен службеник во самата џамија.

[24] МУЕЗИН (müezin) — муслиманско духовно лице кое од минарето на џамијата ги повикува верниците на молитва.

[25] МУХАСИЛ (Muhassil) — лице задолжено со собирање на некои државни даноци или пак помага во собирањето на тиа даноци.

[26] АКИНЏИЈА (akinci) — назив на лица кои вршеле еден вид извидничка улога и вршеле упади во оние земји кои требало да бидат освоени од османската војска. Упадите се вршеле по наредба на санџак-беговите и со согласност на централната власт.

[27] ТАБАК (Tabak) — назив за обработувач на сирова кожа; штавосувач на кожи.

[28] ХАМАМ (hammam) — назив за топла бања; амам.

Увакафен имот имал и Јакуп-бег. Имотот бил увакафен при џамијата што била подигната во градот Лерин со негови средства. Во пописниот дефтер од 1545 година годишните приходи од увакафениот имот изнесуваат 6.666 акчиња и тоа од амамот во градот Лерин 4.666 акчиња и 2.000 акчиња како дел од трошарината што се собирала во градот Лерин. Во самиот дефтер се приведени податоци како во првиот, така и во вториот вакаф[29], за какви цели ќе треба да се трошат приходите при што одделно за секој верски службеник или друг вид работник при џамиите е заведено по колку акчиња му следуваат на ден. Во дефтерот се наведени и други видови расходи. Покрај горепреведените вакафи регистрирани се уште два други вакафи и тоа на жени-сопруги. Едната се викала Хатиџе која била ќерка на некојси Реџеп-ага, а другата се викала Деври.

Завештаниот имот се состоел од лозја, воденици и ливади. Приходите се сосема скромни.

Во пописниот дефтер од 1568 година од лист 202 до 209 се регистрирани вакафите во Леринската нахија од тоа време. На прво место е регистриран вакафот при текето на некојси Ер-беји-Баба. Текето било во Џума Пазари. Увакафениот имот се состоел од еден чифлик[30] што се наоѓал близу селото Куманово. Чифлигот се состоел од 223 донуми[31] оработлива земја; 60 донуми земја во селото Бошетино; 300 донуми во околината на самото теке; 51 донум во селото Требино; лозја на површина од 40 донуми; 1 воденица во селото Куманово; 1 воденица во селото Ст'лпино и ливада од 30 донуми во селото Требино.

Во самото теке, или завие[32], се регистрирани еден старешина на дервишите по име Хасан Деде, како и 22 други дервиши на служба во самото теке. Сите тие се поименично заведени во дефтерот.

На второ место е вакафскиот имот при текето на Јакупбег. Текето се наоѓало во синорот на селото Долгогашти, кое спаѓало во Леринската каза, што значи дека во 1568 година градот Лерин е седиште на каза[33]. Секако овој Јакупбег е оној чие што име го носи едно од муслиманските маала, во Лерин. Увакафениот имот при ова теке се состои од 123 донуми земја во синорот на селото Требино; 145 донуми во близината на Конори (или Луботен) 60 донуми ниви и ливади во селото Спанци; 250

---

29 ВАКАФ (Vakif) — Завештаен имот.

30 ЧИФЛИК (Cifflik) — земјишен имот на муслиман кој во текот на XV век изнесува од 70 до 120 донуми во звисност од плодноста на земјата.

31 ДОНУМ (Dönüm) — мерка за површина на земја која имала 40 аршини во широчина и 40 во должина или околу 919 $м^2$.

32 ЗАВИЕ (Zavie) — назив за дервишко теке, каде дервишите ги исполнувале своите верски ритуали.

33 КАЗА (Kaza) — назив за територија до каде што се протсирала власта на еден кадија. Се употребува и назив „кадилак» со исто значење.

донуми ниви и ливади во селото Долгогашти, 15 донуми ниви и ливати близу самото Теке; парични суми од 8.000 акчиња; 3 воденици во близината на селото Воштарани; 3 воденици во селото Долгогашти; 3 воденици во селото Врбјани. Во ова теке имало 9 службени лица, од кои двајца се исламизирани христијани. Наредниот вакаф е на Мехмед-бег син на Абдула, еден од заимите[34] во леринската каза. Презимето говори дека е овој исламизиран христијанин. Тој има увакафено џамија во селото Живојно, училиште и чешма во истото село; еден мост во синорот на селото; една нова чешма на јавниот пат што водел од селото Воштарани за Горничево. Го поправил и увакафил мостот познат со називот, „мост на милостивиот" (rahman köprüsü), потоа друг мост близу селото Рибарци, како и три моста во самиот град Лерин. На самата џамија и подарил околу 40 книги. Вакафот располагал со сума од 323.000 акчиња со годишен приход од камата за истата сума во износ од 40.300 акчиња. Понатаму во дефтерот се регистрирани поединечно износите на дневниците на сите оние што биле на служба или на работа во џамијата и во училиштето, како и разните давачки за одржување на тие објекти.

Последниот вакаф е на Касим Абди, кој ја увакафил подигнатата џамија и училиште во селото Дебре во леринската каза, како и чешма на патот за селото Коњух. Вакафот располагал со сума од 35.000 акчиња и друг недвижим имот на пример: куќа, лозје, бавча; пазарно земјиште за панаѓури од кое се добивало годишен приход во износ од 5.000 акчиња; две воденици во селото Л'нка, три воденици во селото Коњух и една воденица на реката Палихор. На крајот се заведени дневните примања на имамот, муезинот, учителот и мутевелијата[35].

Податоците за вакафите во пописните дефтери од XVI век се мошне скромни и врз основа само на нив не може да се даде една добра слика како за самите завештатели исто така и за завештаниот имот и условите при завештавањето, што мораге да бидат внесени во завештајниот акт наречен вакафнама[36]. Но и овие скромни податоци јасно говорат дека завештателите биле едни од најкрупните феудални господари на теренот, дека истите располагале со огромни комплекси обработливи површини, лозја, бавчи, ливади итн. како и со најголемиот дел на дуќаните во градот, амами, воденици и други објекти од кои имале мошне големи годишни приходи. Податоците ни ги от-

[34] ЗАИМ (zaim) — феудален господар кој притежава лено од вора категорија наречено зеамет.

[35] МУТЕВЕЛИЈА (Mütevelli) — назив за лице кое управува со вакафски (завештаен) имот.

[36] ФАКАФНАМЕ (Vakifnamme) — документ што се составувал во време на завештавање на имот. Документот го пишувал воглавно кадијата, во присаство на завештателот или неговиот заменик, како и на многубројни видни граѓани од редот на муслиманите.

криват завештателите и сите верски, просветни и други објекти што биле подигнати од нивни средства. Групирањето на населението според верската припадност, подигањето на разни верски, културни и други објекти што се карактеристични за исламските градови, а во тој поглед најмногу придонесле завештателите преку создавањето на вакафски имоти. Сето тоа го покажува патот и начинот како нашите градови и воопшто градовите на Балканот по време на османско-турското владеење ја менувале својата физиономија, добивајќи ги сите карактеристики и белези што се типични за исламските градови воопшто.

## Обврски на градското население кон непосредните феудални господари

Следејќи ги сумарно годишните давачки, било во вид на натурална или парична рента, во текот на XV и XVI век, врз основа на податоците од опширните пописни дефтери со кои што располагаме, можеме да извлечеме една општа констатација, дека годишните обврски на градското население кон непосредниот феудален господар не претрпеле некоја поголема измена, бидејќи приходите на истиот се движат од околу 31—33.000 акчиња годишно, што е како појава и констатација мошне интересна, зошто во најголемиот број на градови во Македонија, како по некое правило, годишните приходи особено од земјоделски производи се мошне намалени во текот на XVI век.

Од регистрираните натурални давачки е сосема евидентно што сè се произведувало од градското население, а тоа ќе важи и за селското. Имено, помеѓу давачките се среќава: пченица, јачмен, 'рж, просо, леќа, лен, коноп. Било мошне развиено лозарството, пчеларството, одгледувањето на свињи, градинарството, овоштарството и друго. Да одбележиме дека мошне голема ставка во годишните приходи на феудалниот господар претставува данокот наречен „испенце"[37] што го плаќале само христијаните, а изнесувал по 25 акчиња од регистрираните жители од машки пол. Побогатте вдовици плаќале исто така по 25 акчиња, а сиромашните само по 6 акчиња.

Треба особено да се одбележи дека најголема ставка во годишните приходи на феудалниот господар претставува приходот од трошарината заедно со некои поситни глоби, кој изнесува околу 30—33% од вкупните приходи од градот.

Во прилог даваме еден споредбен табеларен преглед за поважните давачки во 1481—1545 и 1568 година.

[37] ИСПЕНЦЕ — данок што го плаќале регистрианите христијани во пописните дефтери кои биле обична раја. Изнесува 25 акчиња годишно за секој женет и неженет а работоспособен. Што се однесува до вдовиците, ако истите биле имашливи плаќале исто така по 25 акчиња а ако биле бедни само по 6 акчиња.

| Реден број | Бид на давачката | 1481 | | 1545 | | 1560 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Товари или (медри за лозја) | Парична вредност во акчиња | Товари или (медри за лозја) | Парична вредност во акчиња | Товари или (медри за лозја) | Парична вредност во акчиња |
| 1. | Пченица | 125 | 2.000 | 124 | 3.224 | 110 | 2.860 |
| 2. | Јачмен и друго | 90 | 900 | 89 | 1.646 | 95 | 1.730 |
| 2. | Ушур од лозја | 734 | 3.670 | 605 | 3.025 | 220 | 1.100 |
| 4. | Ушур од муслимански лозја | | 341 | — | 3.000 | — | 3.000 |
| 5. | Ушур од лен | — | 463 | — | 410 | — | 500 |
| 6. | Ушур од улишта | — | 42 | — | 90 | | 160 |
| 7. | Ушур од кожурци | — | 206 | — | 320 | — | 50 |
| 8. | Данок за свињи | — | | — | 110 | — | 50 |
| 9. | Данок за воденици | — | 230 | — | 390 | — | 440 |
| 10. | Ушур од коноп | — | — | — | 250 | — | 750 |
| 11. | Данок испенџе | — | | — | 4.005 | — | 1.000 |
| 12. | Ушур од бостан, овошје и градинарски култури | — | 72 | — | 580 | — | 800 |

Најнапред да појасниме зошто данокот за свињи и испенџето не се внесени во приложената табела за 1481 година. Данокот за свињи е даден сумарно со пазарните такси и данокот за свадбарина во вкупен износ од 9.500 акчиња и не е можно да се знае колкав е износот за свињи. Што се однесува до данокот „испенџе“, тој во 1481 година не им следел на непосредните феудални господари и затоа истиот не е внесен во самиот дефтер. Тоа нешто не се однесува само на Леринската нахија туку и на Скопската, Тетовската, Кичевската, Велешката, Прилепската и Битолската чијшто пописи се опфатени во истиот дефтер.

Ако се обрне внимание на количината на приходите од жито, изразена со мерката „товар“, ќе се види дека таа количина во 1481 година изнесува 215; во 1545 година 213 и во

1568 година 205 товари. Ако количината жито ја поделиме со бројот на семејствата во градот, во тојс лучај ќе констатираме дека како во 1481 така и во 1545 и 1568 година во просек на едно семејство се паѓа помалку од еден товар жито, бидејќи бројот на семејствата во 1481 и во 1545 година е 239, а во 1568 година 212. Да потсетиме дека регистрираните вдовици ги третираме како семејства. Што се однесува до цената или вредноста на житата изразена парично еве како се тие внесувани во самите дефтери. Во 1481 година 1 товар пченица се пресметувал по 16 акчиња, а 1 товар јачмен по 10 акчиња. Во 1545 и во 1568 година 1 товар пченица се пресметувал по 26 акчиња, а 1 товар јачмен (или мешано жито)[38] по 18 акчиња. Просото и граорот во 1545 и 1568 година се пресметувал по 22 акчиња, а леќата се пресметувала по 26 акчиња како и пченицата. Ушурот од лозја се земал во вид на вино мерено со мерката наречена „медре"[39], а од муслиманите кои имале лозја се наплатувал данок по 4—5 акчиња за секој донум лозје. Од табелата се гледа дека христијанско население во 1481 година било должно да му даде на непосредниот феудален господар 734 медри вино, во 1545 година 605, а во 1568 година 220 медри вино. Во 1481 година во просек на едно семејство се паѓа по 3,7 медри вино, во 1545 по 3,5 медри, а во 1568 година по 8,5 медри. Една медра вино се пресметувала по 5 акчиња. Муслиманите во 1481 година се задолжени со 341 акче што значи дека муслиманите располагале со околу 85 донуми лозја или секое муслиманско семејство во просек со околу 2 донуми лозја. Во 1545 година 79 муслимански семејства од Лерин се задолжени со 3.000 акчиња на име данок за лозја. Со толкав износ муслиманите се задолжени и во 1568 година кога бројот на семејствата е 186. Споредувајќи ги обврските на градското население за жито со оние за вино, изразено парично, ние гледаме дека паричните давачки за вино во 1481 година се поголеми од давачките во жито, за 1.111 акчиња, во 1545 година се поголеми за 1.155, додека во 1568 година давачките за вино се помали од давачките за жито за 490 акчиња. Во втората половина од XVI век во рацете на муслиманите имало околу 600 донуми лозја или во просек секое семејство по околу 3 донуми лозја.

Што се однесува до останатте натурални и парични давачки наведени во табелата, ние гледаме дека ушурот за улишта бележи еден постојанен растеж така што давачките од 42 во

—[38] Во опширните пописни дефтери особено од XVI век најчесто по внесувањето на количината пченица, следи „мешано жито» (mahlut). Под мешано жито се опфатени јачменот, ºржта и овеет.

—[39] МЕДРА (medre). Мерката за вино, односно шира, наречена „медре», досега не е установено колкава количина преставува. Различни автори даваат различни претпоставки. Во турските документи ние имаме сретнато податок дека „медрата претставувала половина ведро».

1481 година се покачуваат на 160 акчиња во 1568 година. Осетен пораст се забележува и кај ушурот од бостан, овошје и градинарски култури кој во 1481 година изнесува 72, а во 1568 година 800 акчиња.

Забележително е во табелата опаѓањето на производството на кожурци, бидејќи обврските од 320 акчиња во 1545 се смалуваат само на 50 акчиња во 1568 година. Овој податок говори дека со одгледување на свилена буба воглавно се занимавало христијанското население, зашто со неговото огромно смалување гледаме дека и обврските за овој вид натурална рента се смалува за 6 пати во 1568 во споредба со 1545 година.

Истите причини се и за смалувањето на данокот за свињи, кој од 110 се смалува на 50 акчиња во 1568 година, како и данокот испенџе кој од 4.005 акчиња спаѓа на 1.000 акчиња итн.

## Составот на селското население

Како што веќе во самиот почеток нагласивме бројот на населените места во Леринската нахија во текот на XV и XVI век се движи од 167 во 1481 година до 196 (заедно со џематите) во 1568 година. Вкупниот број на регистрираните семејства во 1481 година изнесува 12.271, од кои 11.748 христијански и 523 муслимански. Да се потсетиме дека неженетите а работоспособни по ова време не се регистрирани, бидејќи и данокот испенџе не е регистриран, а неженетите се внесувале во пописните дефтери поради нивната обврски да даваат по 25 акчиња на име испенџе како и женетите, односно старешините на семејствата. Да подвлечеме и тоа дека пописувачите при сумирањето на регистрираните вдовици не ги евидентирале во сумарните показатели сите регистрирани вдовици, а само оние кај кои стои и чија жена била вдовица.

Во 1481 година на територијата на Леринската нахија има 13 чисто муслимански населби со 251 регистриран муслиман, како и 272 семејства во 33 села со мешано население или вкупно 523 муслимански семејства.

Помеѓу 11.748 регистрирани христијани на територијата на Леринската нахија за 73 лица од регистрираните можевме да констатираме дека не се од македонска народност т.е. дека 53 од нив се по потекло Арнаути или Арбанаси; 6 мина дека се Грци; 5 мина дека се Бугари и 4 Срби. Еве некои примери како се регистрирани лицата што се по потекло Арнаути односно Албанци: Во 8 случаи стои Гин син на Арнаут; во по 5 случаи

[40] Поопстојно за натуралните и паричните давачки на непосредните феудални господари во текот на XV и XVI век види кај М. Соколоски: Прилог кон проучувањето на турско-османскиот феудален систем со посебен осврт на Македонија во XV и XVI век, Гласник на Инст. за нац. историја, Год. II, бр. 1—1958.

стои: Андреа син на Арнаут или Никола син на Арнаут или Гон син на Арнаут; понатаму се среќава два пати Ѓерѓи син на Арнаут и Алекса син на Арнаут, како и две случки каде што место Арнаут стои Арбанас и тоа — Филип Арбанас и Дедие син на Арбанас. Помеѓу регистрираните лица од албанско потекло се среќаваат четворица исламизирани.

Лица од грчко потекло се среќаваат во селото Илино тројца со имиња: Димос, Теодорос и Бојос, потоа во селото Л'жани за еден стои Никола Грк; во селото Древени исто така има еден кој е регистриран како Никола Грк и во селото Негован се среќава Димитри Грк. Лица со бугарско потекло се среќаваат во селото Бух — Стојко Бугарин и во селото Нерет четворица и тоа: Димитри син на Бугарин, Никола син на Бугарин, Ѓуро син на Бугареин и Грде син на Бугарин. Четворица по потекло Срби се среќаваат во селото Вилан — Андреа Србин; во селото Арменохор Радослав Србин и во селото Прибилци двајца — Иванко Србин и Русин син на Србин.

Во 1545 година се опфатени 193 населби и една мезра со 14 муслимански џемати. Бројот на христијански семејства изнесува 11.310 и 1986 неженети, а бројот на регистрираните муслимани 1476, од кои во селата само со муслиманско население, а нив ги има 35 (во нив е и една мезра со 14 џемати јуручки), се регистрирани 1305 муслимани, а во селата со мешано население се регистрирани 169 или вкупно 1.474. Во споредба со 1481 година бројот на христијанските семејства е намален од 11.748 на 11.310 т.е. за 438 семејства, а бројот на муслиманите скоро тројно се зголемува т.е. од 523 се покачува на 1474. Паѓа в очи дека и бројот на чисто муслманските населби на овој терен се зголемува од 13 на 35, што значи исто така скоро тројно зголемување и на таквите населби.

Ситуацијата во 1568 година е мошне изменета во однос на составот на населението ,додека во однос на бројот на населените места по ова време положбата е скоро иста како и во 1545 година.

Имено, во 1568 година бројот на регстрираните христијански семејства изнесува 7.659, а бројот на неженетите е 5.779, што нзачи дека бројот на христијанските семејства е смален за 3.651 семејство. Што се однесува до бројот на регистрираните муслимани, кој во 1545 година изнесуваше 1.474, сега се зголемува на 2.723, од кои 2.130 семејства и 593 неженети. Во споредба со 1545 година имаме зголемување од 1.249 регистрирани муслимани или зголемување со 46%.

Заслужува посебно внимание појавата и бројот на јуруците во текот на XV и XVI век. Во 1481 година јуруци се среќаваат само во 2 села и тоа во селото Ејле Обаси 30 души и во испустеното или раселеното село Заровница каде што земјата ја обработувале јуруци, но не се приведува нивниот број.

Во 1545 година бројот на јуруците на територијата на Леринската нахија изнесува околу 470, а во 1568 се покачува на вкупно 891 регистриран јурук, од кои 659 семејства и 232 неженети, а тоа значи дека од вкупно 2.130 регистрирани муслимански семејства по селата во Леринската нахија 659 се јуручки што претставува околу 31%.

Во 1568 година можевме да установиме дека јуруци имало во 20 населени места. Еве некои од месностите и селата каде што мало најголем број јуруци.

1. Во мезрата Драгненци (?)[41] биле населени 13 јуручки џемати (групи) со вкупно 223 од кои 159 семејства и 64 неженети.

2. Во селото Деревени имало 105 јуруци, од кои 96 семејства и 9 неженети.

3. Во селото Хајдарли имало 100 јуруци.

4. Во селото Караагач имало 61 јурук.

5. Во селото Демирџилер имало 62 јуруци итн.

Што се однесува до појавата и ширењето на исламизацијата на христијанското население воопшто и конкретно во Леринската нахија, треба да се нагласи она што сме го веќе установиле и соопштиле во објавените трудови, во смисла дека исламизацијата во текот на XV век сè до 1480 година како појава е толку ретка, што може слободно да се каже дека скоро ја нема. Меѓутоа во пописниот дефтер од 1481, во кој покрај Леринската нахија се опфатени уште 6 други нахии во централното подрачје на Македонија може да се забележи еден осетен пораст на исламизацијата. За исламизацијата во самиот град Лерин ние веќе нешто кажавме и бројот на исламизираните христијани бројчано е покажан во самиот табеларен преглед за градот Лерин. Што се однесува до исламизираните христијани по селата во Леринската нахија во 1481 година, од податоците во пописниот дефтер можевме да констатираме дека имало околу 70 исламизирани или синови на исламизирани татковци, од кои 65 Македонци и 5 Албанци.[42]

Во 1568 година во однос на исламизацијата по селата ја имаме следната положба: Од вкупно 2.723 регистрирани муслимани само за 179 констатиравме дека се исламизирани христијани. Меѓутоа, ние веќе нагласивме дека помеѓу муслиманите по селата има 891 јурук кои се преселени од внатрешноста на Османската империја т.е. од Анадолија. Ако бројот на јуруците

---

[41] Дешифрувањето т.е. читањето на оваа месност не е сосема сигурно.

[42] Исламизираните христијани во пописните дефтери се установуваат врз основа на презимето. Имено во некои случаи стои Петре син на Хасан, во други случаи, а тие се најмногубројни, како презиме на исламизираните се става „Бин Абдуллах[6]" (син на роб божји), на пример, Јусуф син на Аббдула. Многу поретко, а тоа повеќе важи за исламизрани спахии, притежатели на тимари, за кои се вели ека се „Нови муслимани".

го одземеме од вкупниот број на муслиманите, во тој случај ќе видиме дека секој десетти муслиман бил исламизиран христијанин во Леринската нахија.

Најголем број исламизирани се среќаваат во следните села:

1. Во селото Сотир од 8 регистрирани муслимани, 4 се исламизирани.

2. Во селото Нивиград од 9 муслимани, 6 мина се исламизирани.

3. Во селото Новиград од 11 муслимани, 5 мина се исламизирани.

4. Во селото Негочани од 7 муслимани, 3 се исламизирани.

5. Во селото Ајтос од 9 муслимани, 3 се исламизирани итн.

Во споредба со многубројни други нахии во Македонија, во Леринската нахија има, сепак, релативно мал број исламизирани.

Во втората половина на XVI век во Леринско и Џумапазарско, кои претставувале една каза или кадилак со седиште на кадијата во Лерин, се среќаваат неколку помали нахии што се во склопот на казата и кои фактички претставуваат еден вид општини кон кои се приклучени определен број села. Така, на пример, за 20 села стои дека спаѓаат кон нахијата Гугово; за 17 села дека спаѓаат кон Шишани; за десетина села во Молеска[43] и околу 30 села во Џумапазарско.

Да ги истакнеме оние села во Леринската нахија кои по бројот на семејствата, односно жителите, во XVI век се помногубројни од самиот град Лерин. Ние веќе знаеме дека околу 1545 година градот Лерин имал вкупно 251, а во 1568 година 212 семејства. Меѓутоа во 1545 година селото Острово имало 538 семејства т.е. двапати е поголемо во однос на населението од Лерин. Селото Катраница во тоа време имало 473 семејства; селото Воштарани имало 296 семејства. Значи трите овие села во однос на бројот на населението се поголеми од градот Лерин.

## Обврски на селското население кон непосредните феудални господари

Вкупните натурални и парични обврски кон феудалните господари од градското и селското население во Леринската нахија за 1481 година изнесуваат 733.630 акчиња. Поделувајќи ја оваа сума со вкупниот број на регистрираните семејства во тоа време ќе видиме дека во просек на едно семејство се паѓало околу 60 акчиња годишно.

[43] Како што е напишано би требало д се чита Молеска. Поопстојно за Молско види во статијата на Томоски Томо, објавена во Годишен зборн. на Фил. фак. под наслов.

Во продолжение ќе се задржиме на некои поважни натурални и парични давачки врз основа на податоците од пописниот дефтер. Така, на пример, натуралната рента од разни жита што било должно целокупното население да му ја даде на непосредните феудални господари изнесува 25.058 товари, од кои — пченица 14.313; јачмен 7.669; 'рж 1.719; просо 786; граор 428 и леќа 143 товари. Количината жито, поделена со бројот на семејствата, покажува дека во просек на едно семејство се паѓа годишно по 2 товари жито да му даде на феудалниот господар, додека само на градското население ние видовме дека во просек на едно семејство доаѓаше нешто помалку од 1 товар.

Да ги одбележиме оние поголеми населби кои во просек биле задолжени со најголеми количества жито. Така, на пример, селото Куманово кое имало 99 семејства е задолжено со 400 товари жито, што значи дека во просек на едно семејство се паѓа по 4 товари годишно. Селото Петорак имало 74 семејства, а годишните обврски за жито изнесуваат 299 товари или во просек исто така по 4 товари. СелотоНеокази е задолжено со 362 товари, а имало 97 семејства, во просек по 3 товари. Селото Забрдени е задолжено со 276 товари, а имало 80 семејства или по 3,4 товари на семејство. На селото Росна се паѓа во просек по 3,2 товари. На селото Новиград по 3 товари, а на селото Рудник по 2,4 товари итн.

Вредноста на еден товар пченица како и на еден товар леќа во 1481 година била по 16 акчиња, додека на еден товар јачмен, 'рж, просо, овес, граор и граорица била по 10 акчиња. Според тоа целокупната натурална рента од жита која изнесувала 25.058 товари жито пресметана во пари (акчиња) изнесува 337.316 акчиња, годишно. И тоа, за пченицата и леќата 231.296 акчиња, а за јачменот, 'ржта, просото, овесот, граорот и друго 106.020 акчиња. Според тоа само натуралната рента од жита преставува околу 46% од вкупните давачки на феудалниот господар.

Заслужува посебно внимание ушурот од лозја што го давале христијаните како вино, мерено со мерката наречена „медре“ (која претставувала половина од старата мерка наречена „ведро“). Целокупното христијанско население во Леринската нахија во 1481 година кое имало 11.748 семејства е задолжено со 39.694 медри вино. Според тоа во просек на едно семејство се паѓа по околу 3,4 медри вино. Една медра вино се пресметувала по 5 акчиња, што значи дека вкупната количина вино што им следела на непосредните феудални господари изнесувала 198.470 акчиња или околу 27% од вкупните годишни обврски. Значи само давачките од жита и лозја претставуваат 73%, а сите други натурални и парични давачки изнесуваат само 27%.

Со лозарство од редот на христијаните во Леринската нахија се занимавале жителите од околу 130 села. Со најголеми количини вино се оптоварени селата:

1. Петерско со 167 семејства е задолжено со 2.315 медри, во просек се паѓа на едно семејство по 13,7 медри вино.

2. Новосело со 129 семејства е задолжено со 2.110 медри или во просек по 16,3 медри.

3. Љуботен со 89 семејства е задолжено со 1.530 медри или во просек по 17 медри.

4. Спанчево со 69 семејства е задолжено со 1.343 медри или во просек по 19 медри.

Мошне важна ставка помеѓу годишните примања на феудалните господари претставува годишниот приход од лен, кој изнесува 75.936 или 10% од вкупните давачки. Со лен се задолжени околу 80 села. Со најголеми суми се задолжени селата: Клештино со 4.059 акчиња; Арменохор со 4.304; Острово со 8.268; Плешевица со 3.657; Крушорад со 2.597 и други.

Во Леринската нахија е доста застапено и пчеларството. Годишните обврски од ушур за мед или улишта изнесуваат 3.159 акчиња. Со пчеларство се занимавале околу 80 села. Со најголеми суми за овој вид давачки се оптоварени селата: Граматиково со 140; Покрвеник со 120; Енборија со 110; Забрдени со 106 акчиња итн.

Годишните приходи од данок за свињи со кој било оптоварено христијанското население изнесуваат 8.422 акчиња. Со овој данок се задолжени околу 140 христијански населби. Со најголеми суми се оптоварени селата: Енборија со 450 акчиња; Коњух со 279; Горни Каленик со 324; Катраница со 264; Петорак со 198 итн.

На крајот да одбележиме дека во 45 села е застапено одгледувањето на свилена буба, бидејќи е регистриран „данок за кожурци“. Годишните обврски на населението за овој данок изнесува 2.604 акчиња, а со најголеми суми се оптоварени селата: Кладороб со 329 акчиња; Енборија со 314; Домовиште со 200; Врбјани со 149; Неволјани со 130 итн.

На територијата на Леринската нахија е мошне застапено одгледувањето на градинарски култури, бостани како и овошни градини.

Што се однесува до обврските на населението во чисто муслиманските населби или на поголеми групи на села со мешано население, кај нив воглавно се регистрирани давачките за жито, за земјарина (resm-n çift)[44], данок за свадбарина и глоби.

[41] Ресм-и чифт (resm-i çift) — данок за земјарина што го плаќале муслиманите што притежавале земја од 70 до 120 донуми во зависност од плодноста на земјата, која се сметала како еден чифлик. Оние муслимани што имале помалку обработлива земја од еден чифлик плаќале по 11 или 12 акчиња.

Други давачки се мошне ретки. Во однос на давачките за жита, на пример, 49 регистрирани муслимани во селото Арбинокое имало и втор назив Килиса Пинари, се задолжени со 170 товари, што значи дека во просек се паѓа по 3,6 товари. Во селото Драчевица 25 муслимани се задолжени со 50 товари жита, во просек по 2 товари. На регистрираните муслимани во селата Коларци и Паликруша во просек се паѓа по 1,8 и по 1,2 товари на муслиманите од селото Коларци. Значи во однос на натуралните давачки од жита обврските на муслиманите во 1481 година се движат во рамките на оние од христијаните.

Во 1545 година кога во населбите на Леринската нахија беа населени 12.784 семејства од кои 1.474 муслмански, годишните обврски кон непосредните феудални господари изнесуваат 1.643.394 акчиња, што значи скоро двојно повеќе од 1481 година. Во просек на едно семејство се паѓа по 128,5 акчиња годишно.

Во 1568 година сите давачки на непосредните феудални господари пресметани во пари изнесуваат 1.770.087 акчиња. Во ова време во сите населени места во Леринската нахија имало 9.789 семејства. Ако вкупните обврски ги поделиме со бројот на семејствата ќе видиме дека во просек на едно семејство се паѓа да му даде на непосредниот феудален господар 160 акчиња. Во споредба со 1545 година поголем износ од 32 акчиња. Износот на вкупните давачки на целокупното население во 1568 година е поголем од 1545 година за 126.693 акчиња.

Вкупната количина на натуралната рента од жито во 1568 година изнесува 30.428 товари од кои 14.485 товари пченица; 15.083 мешано; 626 граор; и 324 леќа. Вредноста на еден товар пченица во ова време е 26 акчиња, а на еден товар мешано жито (јачмен, 'рж, овес), е 18, на 1 товар граор 22, а на 1 товар леќа 26 акчиња. Пресметана во пари целокупната количина жито во 1568 година изнесува 663.360 акчиња или повеќе од една третина од вкупните давачки. Ако вкупната количина жито од 30.428 товари ја поделиме со бројот на семејствата од тоа време, ќе видиме дека во просек на едно семејство се паѓа по 3,1 товар жито. Еве некои од селата што се оптоварени со најголеми количини жито земани како ушур. Во селата: Трепчишта, Белица, Хранковци, Новиград и Гираново во просек на едно семејство се паѓа да дадат по 5—5,3 товари жито. Во селата со чисто муслиманско население и тоа во Арбино, кое имало втор назив Килиса Панари, во просек се паѓа на едно семејство по 5,3 товари, а на селото Драчевица, кое имало втор назив Кочани, во просек се паѓа околу 4 товари на едно семејство.

Мошне се интересни податоците во врска со давачките било во натура или парично земани од оние што се занимавале и со производство на грозје или вино. По правило од христија-

ните се земал ушур т.е. во натура, додека од муслиманите се наплатувал данок според бројот на донумите засадени со лозја, давајќи по 4—5 акчиња за секој донум лозје.

Меѓутоа, во 1568 година на територијата на Леринската нахија се среќаваат некои населени места со христијанско население кај кои место ушур од лозја или натурална давачка, да им се земал, како еквивалент, данок пресметан на донуми, при што за еден донум лозје се земало од 10—18 акчиња или повеќе од 3—5 пати од износот што го плаќале муслиманите. Ваквото пресметување и земање на име еквавилент за ушур од лозја, во некои села претставуваат замашни парични суми за кое нешто понатаму ќе приведиме и конкретни примери. Сумирајќи ги податоците за овој вид давачки од населението, можевме да констатираме дека со натурална рента т.е. ушур, е задолжено со 38.374 медри. Секоја медра се пресметува по 5 акчиња, што значи дека натуралната рента изнесува 191.870 акчиња. Данокот за лозја што се земал според бројот на донумите, за 9.736 донуми изнесува 127.069 акчиња, со тоа што, по правило, за муслиманските донуми се земало по 4—5, а за христијанските по 10—18 акчиња за донум.

Според тоа целокупната сума прибирана како давачка за лозја изнесува 318.939. Еве примери за села што се оптоварени со најголеми давачки. Во селото Ѓулинци (за кое во дефтерот стои дека имало и втор назив Рудник) христијанското население е задолжено со 650 донуми лозја и за секој донум се наплатувало по 17 акчиња, што вкупно изнесува 11.050 акчиња. Муслиманите од истото село се задолжени со 150 донуми по 4 акчиња за секој донум т.е. со 600 акчиња или вкупно на име данок за лозја 11.650 од целокупното население од ова село кое имало вкупно 99 семејства од кои 81 христијански и 18 муслмански. Со други зборови речено во просек на едно христијанско семејство се паѓа по околу 136 акчиња годишно, што е за тоа време големо оптоварување, додека на муслиманите од тоа село се паѓа во просек по 33 акчиња. Во селото Ајтос како еквавилент за ушурот се земени предвид 320 донуми и за секој донум по 15 акчиња што вкупно изнесува 4.300 акчиња. Во селото тогаш имало 58 христијански семејства или во просек по 83 акчиња. Во истото село тогаш имало 8 муслимански семејства кои располагале со 32 донуми лозја. За секој донум биле должни да платат по 5 акчиња. Ушурот за лозја односно за вино е заменет со наплатувањето по донуми во повеќе села во Леринско. Таков е случајот, на пример, со селото Катраница, каде што за христијанското население се земени предвид 1.140 донуми и за секој донум се земало по 14 акчиња, што вкупно изнесува 15.960. Во селото Крмско 500 донуми по 10 акчиња, во Неволјани 932 донуми по 15 акчиња за секој донум или вкупно 13.980 акчиња, во селото Пателе се земани предвид како ек-

вавилент за ушурот 510 донуми, сметајќи го донумот по 14 акчиња, итн. Висината од 10—18 акчиња за еден донум лозја кај христијанското население веројатно била зависна од приносите на самите лозја, кој веројатно бил повисок од земање десеток т.е. едно на десет, бидејќи е познато дека ушурот можел да се движи од 10 до 50% од приходите. Лозарството во 1568 година е застапено во 145 села.

На трето место доаѓа ушурот од лен кој, пресметан во пари, за целата нахија изнесува 67.328. Производството на лен е застапено во 84 села. Со најголеми суми за овој вид давачки се задолжени: Острово со 14.000 акчиња; Долно Клештино со 2.465; Песошница со 3.500; Врбјани со 2.700; Клапашница со 2.300 итн. Во некои случаи заедно со ленот е и давачката на коноп. Инаку одделно со данок за коноп се задолжени 19 села. Така, на пример, селото Острово е задолжено со 3.500 акчиња на име данок за коноп; селото Воштарани со 3.000 акчиња; Врбјани со 700 акчиња итн. Годишниот приход од коноп регистриран посебно изнесува 9.685 акчиња.

По висината на годишните обврски следи ушурот од улишта или од мед, кој изнесува 16.779 акчиња. Одгледувањето на пчели е застапено во 145 села. Со најголеми суми се задолжени селата: Катраница со 600 акчиња; Ѓулинци со 500; Деревени со 485; Врбјани со 334; Арменско со 300; Воштарани со 260; Баница со 250; Рибарци со 214; Граматиково со 220 итн.

Евидентно е дека пчеларството било мошне развиено.

Во некои од населените места од Леринската нахија е застапен и риболовот. Така, на пример, годишниот приход од риболов на феудалниот господар од селото Врапчин изнесува 5.110; од Новосел 2.000; од Пателе 1.000; од Нисија 800 акчиња итн.

Производството на кожурци, односно одгледувањето на свилена буба е застапено во 46 села. Годишните давачки за кожурци изнесуваат 5.761 акчиња. Со најголеми суми се задолжени селата: Катраница со 600; Неволјани со 500; Гугово со 260; Церово со 350; Елхово со 253; Крмско и Жерви со 200 акчиња итн.

Годишните оптоварувања со данокот за свињи на христијанското население изнесуваат 9.750 акчиња. Одгледувањето на свињи е застапено во 136 населени места. Со најголеми суми се задолжени селата: Катраница со 300 акчиња; Воштарани со 266; Рибарци со 260; Живојно со по 250; Новиград 250; Гираново со 233; Конско со 200 акчиња итн.

Споредувајќи ги годишните оптоварувања за гореспоменатите давачки во 1568 година со оние од 1481 се доаѓа до следните констатации:

1. Во 1568 година натуралните давачки за жито од 25.058 товари во 1481 се зголемуваат на 30.428, што претставува зголемување од 5.370 товари.

2. Приходот од лозја пресметуван било по медри или донуми во 1568 година изнесува вкупно 318.939, додека во 1481 година изнесуваше 198.470 акчиња, што значи оптоварувањата се зголемени за 120.469 акчиња.

3. Приходот од лен во 1568 година во споредба со 1481 е незначително зголемен од 75.936 на 77.013 акчиња.

4. Ушурот од мед (или улишта) е зголемен од 3.159 акчиња во 1481 година, на 16.779 или зголемување за повеќе од пет пати.

5. Данокот за свињи од 8.422 се зголемува на 9.750 акчиња, иако христијанското население значително е намалено.

6. Данокот за кожурци бележи доста голем скок, бидејќи од 2.604 во 1481 се зголемува на 5.761 акче што значи поголемо од двојно зголемување.

Што се однесува до бројот на населените места и бројот на семејствата во нашето претходно злагање подвлековме дека бројот на населбите е зголемен, но воглавно со создавање на населби од колонизирани јуруци. Подвлековме и тоа дека бројот на христијанските семејства во 1568 година е смален од 11.748 во 1481, на 7.659 во 1568 година, додека бројот на муслиманските од 525 во 1481 се зголемува на 2.130 во 1568 година, што значи зголемување за 4 пати на тој елемент. Ако претпоставиме дека во просек едно семејство броело 5 членови во тој случај ќе констатираме дека околу 1481 година на територијата на Леринската нахија имало 58.740 жители христијани и 2.625 муслимани или вкупно 61.365 жители. Во 1568 година бројот на христијанските жители бил околу 38.295, а на муслиманските 10.650 или вкупно 48.945 т.е. соодносот помеѓу христијанското и муслиманското население во 1568 година бил 4 : 1.

## Население со специјални задолженија

Под население со специјални задолженија ги подразбираме оние жители, а во некои случаи и цели населби, кои биле со специјални султански наредби задолжени да извршуваат некои воени или полувоени обврски како што биле, на пример, јуруците, војнуците и дервенџиите или пак обврски на поединци да извршуваат разни занаетчиски работи и поправки на објекти или во градовите или на разни мостови во близината на населбата, како и поединци лица што биле исто така со султански наредби одредени за соколари, задолжени да фаќаат и одгледуваат по 1—2 соколи годишно и да ги предаваат во султанскиот двор преку нивниот непосреден старешина итн.

За овој вид населенија и поединци, во историската наука, а и кај одреден број балкански историчари што се занимаваат со османско-турскиот период се среќава терминот „привилеговано население“. Во СР Македонија историчарите што го проучуваат османско-турскиот период го употребуваат називот „население со специјални задолженија“, тргнувајќи од фактот дека должностите и одговорностите на гореприведените биле извонредно тешки и одговорни, така што тие во никој случај не можат да се сметаат за привилегирани.

Сите оние што исполнувале должности на јуруци, дервенџии, војнуци, соколари или други обврски, биле ослободени од редовни и вонредни државни даноци. Што се однесува до обврските кон непосредниот феудален господар има извесни недоследности или отстапувања. Во некои случаи, особено кај поединци, во пописните дефтери е изрично нагласено дека биле ослободени од секаков вид давачки. Меѓутоа, најчеста појава е, на пример, за дервенџиите да даваат натурална рента од земјоделски производи во многу намален износ од останатите. А се среќаваат и случаеви кога тие обврски кон непосредниот феудален господар ги исполнуваат во потполност. За ваквите случаи во пописните дефтери понекаде е изрично нагласено дека „нивните задолженија не биле тешки“ и затоа ги давале сите предвидени давачки на нивниот спахија.

Бидејќи за јуруците во нашето излагање приведовме извесни податоци, а за тој проблем и за дервенџиството, војнуците и соколарите, во досега објавени трудови за XV и XVI век, е прилично пишувано за организацијата, раководењето, обврскиет и бенефициите, т.е. за даночните олеснувања на таквото население или поединци, затоа ќе се задоволиме со изнесувањето само на некои најтипични податоци за овој вид население.

Во втората половина на XV век на територијата на Леринската нахија се среќаваат 13 дервенџиски села и тоа:

1. Горничево
2. Елхово
3. Лагино
4. Нерет
5. Арменско
6. Писодер
7. Лабаница
8. Жупан
9. Турје
10. Блатец
11. Бегна
12. Чеган
13. Саричино (или Царичино).

Сите овие дервенџиски села се среќаваат во студијата на Александар Стојановски во посебниот дел.[45] Во XVI век како дервенџиски села се регистрирани 11 села, т.е. селата Жупан и Турје престанале веќе да бидат дервенџиски.

Кај сите овие села во пописниот дефтер од 1481 година забележено е само тоа, дека селото е дервенжиско, а од самите давачки за жито е јасно дека семејствата давале по половина товар жито годишно а во некои случаи по 1 товар. Освен давачката за жито, потоа за свадбарина и некои глоби не се регистрирани никакви други давачки. Може со апсолутна сигурност да се тврди дека по ова време дервенџиите давале и по 10 акчиња годишно на име испенџе. Меѓутоа, бидејќи тој данок не му следел тогаш на непосредните феудални господари, затоа истиот и не е внесен во дефтерот.

Во пописниот дефтер од 1568 година има нешто повеќе текст кај дервенџиските села од каде може да се дознае и нешто повеќе.

Така, на пример, во дервенџиското село Елхово меѓу другото стои дека со султанска наредба било предвидено од ова село 60 души да вршат дервенџиска служба. Имињата и презимињата на сите 60 души се регистрирани во дефтерот. Овие 60 души требало да плаќаат по 10 акчиња годишно данок наречен испенџе, како и по 1/2 денк пченица по 1/2 денк јачмен или 1 денк жито, кој претставува 1/2 товар. Ете зошто во давачките за 60 души дервенџии стои дека треба да дадат 600 акчиња за испенџе, како и по 15 товари пченица и по 15 товари јачмен или вкупно 30 товари т.е. по 1/2 товар жито од секој дервенџија. Понатаму во текстот е изрично нагласено дека дервенџиите биле ослободени од давање на азапи[46], салгуни[47], веслари, деца за јаничари, курири (поштари); од учество во воени походи, од давање черахори[48], од правење или поправки на крепости, од давање данок наречен нузул[49], како и од сите други редовни и вонредни државни даноци.

Бидејќи селото имало над 60 семејства, во текстот е изрично нагласено дека оние над 60 треба да бидат третирани како обична раја, која ќе треба да го дава испенџето и ушурот во потполност како и сите други давачки и државни даноци.

[45] Д-р Александар Стојановски, Дервенџиството во Македонија. Издание на Инст. за нац. историја, Скопје, 1974.

[46] АЗАП (Azap) — Азапи во турската војска ја претставувале онаа пешадија што служела во крепоста или на морските и речните крајбрежија.

[47] САЛГУН (Salgun) — присилен откуп на Храна за потребите на санџакбеговата придружба и тоа: на јачмен, пченица, мед и масло.

[48] ЧЕРАХОР (Cerahor) — назив за помошни воени одреди регрутирани од редот на христијаните. За черахори биле земани разни ѕидари, дулгери и други видови мајстори.

[49] НУЗУЛ (nuzul) — државен данок што се земал од рајата било во натура или во пари за потребите на војската во време на воени походи.

Покрај испенџето и житото помеѓу давачките на дервенџиите се среќаваат уште такса за увезено или внесено вино однадвор; ушур од улишта; ушур од кожурци, нијабет[50], свадбарина, полјачина и такса за тапија[51].

Во текстот кај дервенџиското село Неред стои дека поради тоа што селото се наоѓало на опасно место, било нужно да има дервенџии. Затоа, со специјална султанска наредба било одредено такви должности да вршат 30 души од селото. Бидејќи овие 30 души имале потреба од помош за чување на дервенот, во текстот е изрично нагласено дека се одредени други 30 души, кои се исто така поединечно регистрирани, за давање помош. Овие 30 души помошници, како и првите 30 души се ослободени од давање улаци, веслари, азапи, салгуни, деца за јаничари, како и од сите други редовни и вонредни државни даноци. Меѓутоа, за разлика од првите кои биле должни да даваат по 10 акчиња за испенџе и по 1/2 товар жито годишно, помошниците испенџето требало да го плаќаат во целост т.е. по 25 акчиња годишно, а исто така и ушурот и другите давачки требало да ги даваат во полн износ како и обичната раја. Селото Неред, по ова време имало вкупно 81 семејство (од кои 60 дервенџии), 5 вдовици и 65 неженети[52].

За разлика од претходните две дервенџиски села во текстот кај дервенџиското село Горничево стои дека оние 30 души од селото што биле одредени за дервенџии требало да даваат по 1 товар жито и по 1 товар јачмен или 2 товари жито годишно, додека првите две села биле задолжени само со 1/2 товар жито годишно. Ете зошто во давачките кај овие 30 души дервенџии стои: испенџе 300 акчиња т.е. по 10 од секого. Пченица 30 товари, мешано 30 товари. Покрај овие давачки се внесени уште и следните: такса за увезено вино во износ од 100 акчиња; ушур од коноп во износ од 100; данок за свињи 50; свадбарина, нијабет, полјачина и такса за тапија во износ од 250 акчиња. Во селото имало уште 35 други семејства и 63 неженети што биле третирани како обична раја и ги давале сите давачки[53].

Во текстот на наредното дервенџиско село, наречено Лабаница, е нагласено дека со наредба на падишахот биле одредени 30 души за дервенџии и секој дервенџија бил должен да даде 10 акчиња на име испенџе, а што се однесува до давачката од жито, тие биле должни да дадат по 1 денк жито (т.е. 1/2 товар) пченица и 1 денк јачмен или мешано жито. Како

[50] НИЈАБЕТ (Niyabet). Во пописните дефтери има значење на глоби или казни изречени било од кадијата или од неговиот застапник (наибот) врз градското и селското население.

[51] T. D. No 182, .ист 98. Пописот на селото е дадено под реден број 4.

[52] Op. cit., лист 98, под реден број 5.

[53] Op. cit., лист 146, под реден број 17.

компензација или еквавилент за вршењето на дервенциската служба тие биле ослободени од сите редовни и вонредни државни даноци. Во однос на давачката на жито гледаме дека дервенциите од ова село биле должн да даваат по 1 товар жито за разлика од претходните каде што едни биле задолжен со 1/2 товар, а други со 2 товари жито[54].

Од текстот кај наредното дервенциско село Блатец дознаваме дека определените 30 души од ова село за дервенции, за вршење на нивната дервенциска должност биле ослободени само од редовните државни даноци, додека останатите давачки што им следеле на непосредниот феудален господар ги давале во целост како и другата недервенциска раја. Значи нема смалување ни на испенџето ни на давачката за жито.[55]

Во дервенциското село Бегна биле одредени 60 души за дервенции т.е. две групи по 30, со задача да ја чуваат опасната месност. Меѓутоа, тие не биле ослободени ниту од намалено испенџе ниту од давање помала количина жито т.е. во текстот е изрично нагласено дека тие давачки ги давале во потполност, а биле ослободени само од државните даноци.[56]

Од наредното дервенциско село Чеган биле одредени 30 души за дервенции, кои биле задолжени да даваат по 10 акчиња за испенџе; а од жито по 1 денк пченица и по 1 денк јачмен. Како и сите дервенции така и овие се ослободени од државни даноци.[57]

Во текстот кај дервенциското село Арменско се говори за тоа дека селото било дервенциско уште од старо време и дека со посебна султанска наредба биле одредени 30 души за дервенции. Секој од овие дервенции бил должен на непосредниот феудален господар да му даде годишно по 10 акчиња на име испенџе, како и по 1 денк жито, едната половина пченица, другата јачмен. Бидејќи овие 30 души дервенции имале потреба од помош за чување на дервенот, останатите жители од селото со посебна султанска наредба биле нагрбени да ја даваат таа помош. Како првите дервенции исто така и помошниците биле ослободени од давање азапи, салгуни, черахори, улаци, од учество во воени походи, од правење крепости, од давање деца за јаничари како и од сите редовни и вонредни државни даноци. Во 1568 година селото имало 80 семејства и 50 неженети.[58]

Наредното дервенциско село е регистрирано како Саричино (може би е во прашање село со назив Царичино). Во текстот стои дека и ова село уште од порано било дервенциско, но дека разните давачки што му следеле на непосредниот феуда-

---

[54] Op. cit., лист 162, под реден број 98.
[55] Op. cit., лист 168, под реден број 108.
[56] Op. cit., лист 178, под реден број 128.
[57] Op. cit., лист 184, под реден број 144.
[58] Op. cit., лист 189—190, под реден број 159.

лен господар ги давале во потполност, а биле ослободени само од државни даноци. Во текстот и кај ова село се говори дека биле ослободени од давање азапи, салгуни, деца за јаничари, од учество во војни, од правење крепости, од давање черахори како и жито на име нузул.[59]

Последното дервенџиско село што е регистрирано во 1568 година се вика Писодер, кое имало 62 семејства. Во текстот под самото село во пописниот дефтер се говори за тоа дека селото се наоѓало на јавниот пат и тоа на мошне опасно место. За вршење на дервенџиска служба населението поседувало царска наредба во која стоело дека секој дервенџија давал по 10 акчиња за испенџе, а секој од женетите давал уште по 2 киле пченица и по 2 киле мешано жито. Како компензација за вршење на дервенџиска служба биле ослободени од државни даноци, од давање азапи, черахори, деца за јаничари и друго.[61]

Од изнесеното за дервенџиите во Леринската нахија може да се заклучи дека, во зависност од тежината и одговорноста на службата на дервенџиите, зависело дали давачките на име испенџе и ушур од жито на непосредниот феудален господар ќе бидат намалени или пак ќе ги даваат во полн износ. Конкретно, испенџето или е сведено на 10 акчиња годишно или пак се плаќало во потполност. Што се однесува до давачките на житото ние видовме дека во некои случаи женетите (музеввец) давале само половина товар жито, во други случаи 1 товар и во трети случаи по 2 товари годишно. Од житото што се давало на феудалниот господар едната половина била пченица, а другата јачмен или мешано жито.

Споредувајќи ги давачките на дервенџиското население во 1481 година со оние од 1568 можевме да заклучиме дека во 1568 година бројот на разните давачки е прилично проширен.

Што се однесува до соколарите и војнуците на територијата на Леринската нахија во пописниот дефтер од 1481 година можевме да установиме дека бројот на соколарите изнесува 39, регистрирани во 14 села. Така на пример во селото Елхово се среќаваат 6 соколари; во селото Кутлево 5; во селото Соровичево 4; во селото Сотир и Ѓулинци по 3; во селото Петерско, Ракита, Конух, Уџани и Хранковци по двајца итн. Во пописниот дефтер е изрично нагласено дека, на пример, соколарите од Елхово притежавале султанска наредба со која биле задолжени да ги надгледуваат и чуваат седелата на соколите[61]. Во султанските наредби на секој соколар е внесено што е должноста и обврска на соколарот, а како компензација затоа нешто, какви даночни и други олеснувања има. Соколарите од Елхово биле

---

[59] Op. cit., лист 203, под реден број 187.
[60] Op. cit., лист 203/4, под реден број 188.
[61] T. D. — No 16, лист 604.

ослободени од давање харач, испенџе и дивански аваризи. Во пописниот дефтер од 1568 година соколари не можевме да сретнеме.[62]

Војнуци во Леринската нахиа се среќаваат како во 1481 исто така и во 1568 година. Така, на пример, бројот на поединечно регистрираните војнуци во 1481 година изнесува 34 и тоа: во селото Ѓулинци 17; во селото Трепчишта 5; во селото Врбјани 7; во селото Саракин 3 и во селото Љуботен 2. Бројот на поединечно регистрираните војнуци во 1568 година изнесува 23 и тоа: од селото Врбјани 10; од селото Трепчишта 8; од селото Гираново 3 и по еден од Песошница и Љуботен.

Во 1568 година биле приклучени кон султанските хасови, што значи дека истите ги исполнувале обврските при султанскиот двор. Пред самиот попис на војнуците има текст во кој се говори за тоа дека извесен дел од поранешните војнуци биле ослободени од војнучки обврски и истите биле регистрирани како обична раја, додека други и понатаму останале како војнуци нагласено дека порано како еквавилент за харачот, испенџето, ушурот, данокот за овци и други државни давачки (аваризи) секој војнук требало да даде по 200 акчиња како паушал. Сега пак, паушалот се зголемил на 250 акчиња. Понатаму во текстот се говори и за тоа, доколку од овие војнуци некој покрај својот земјишен имот (баштина) зема и обработува друга земја, во тој случај, тој е должен на непосредниот феудален господар (спахијата) да му дава од тие приходи ушур и други давачки што му следат.

Во самиот попис на војнуците што следи веднаш по текстот, покрај името и презимето на секој еден, во исто време е внесено сè што спаѓа во неговата баштина т.е. колку ниви има и од колку донуми; потоа ако има лозје, бавча, бостан, ливада, се става и бројот на донумите. Во некои случаи се регистрирани воденици како и овошни дрвја.

На крајот се сумирани 24 лица (а се регистрирани поединечно 23) и дека секој е задолжен со по 250 акчиња, така што вкупната сума изнесува 6.000 акчиња што треба да му се даде на султанот.

Во продолжение се регистрирани и синовите на војнуците, и тоа: 8 души од село Гираново и 10 души од село Трепчишта. Пред самиот поединечен попис има текст во кој се говори дека бидејќи се тие синови на војнуци, истите како еквавилент за харачот, испенџето, данокот што следел за овци и за аваризот се задолжени да даваат секоја година во паушален износ по 150 акчиња. За овие 18 души, синови на војнуци, во дефтерот е заведена обврска од 2.700 акчиња годишно. По тоа се сумираат

[62] Поопстојно за соколарите вид икај Глиша Елезовиќ, Соколари и Соколарство, Скопје 1923.

вкупните обврски на војнуците и нивните синови во износ од 8.700 акчиња.[63]

На крајот од статијава даваме табеларен преглед за саставот на населението во сите населени места во Леринската нахија во текот на XVI век. Едните податоци се однесуваат на 1545 година, што ми ги стави на располагање другарот Александар Стојановски, за што топло му благодарам, а другите се однесуваат на 1568 година извлечени од опширниот пописен дефтер. Што се однесува до саставот на населението околу 1481 година пописот на Леринската нахија е преведен и публикуван од Архивот на Македонија[64] и затоа не ги зедовме предвид, за да нема извесно дуплирање.

## Табеларен преглед

### за составот н анаселението во Леринската нахија во XVI век

| Реден број | Назив на населбата | 1545 год. | | | | 1568 год. | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Христијани | | | | Христијани | | | Муслимани | |
| | | Семејства | Вдозици | Неженети | Муслимани | Семејства | Вдовици | Неженети | Семејства | Неженети |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 1. | Ајтос | 70 | 2 | 16 | — | 56 | 2 | 21 | 8 | 1 |
| 2. | Амадли | — | — | — | 11 | — | — | — | 20 | 17 |
| 3. | Аралин | — | — | — | 21 | — | — | — | 35 | 1 |
| 4. | Килиса Арбино, втор назив Килиса Пинари[65] | — | — | — | — | 105 | — | — | 71 | 58 |
| 5. | Арбино | 66 | — | 14 | | 57 | — | 36 | — | — |
| 6. | Арменохор | 114 | 5 | 13 | — | 39 | 2 | 46 | 29 | 1 |
| 7. | Арменско[66] | 50 | — | — | — | 80 | — | 50 | — | — |

[63] Поопстојно за војнуците и нивната организација види кај Бранислав Ђурѓев, О војнуцима, Гласник земаљског музеја, Сарајево, св. II 1947, стр. 75—138. и во монографијата „Прилеп и Прилепско низ историјата», кн. I, 1971, стр. 131—133.

[64] Турски документи за историјата на макеонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XV век, Том II, Скопје 1973, стр. 273—489. Издание на Архивот на Македонија.

[65] На територијата на Леринската нахија имало две села со назив Арбино. Ова село имало и втор назив „Килиса Пинари» (што во превод нзачи Црквен бунар). Се разликува од наредното село со истиот назив по тоа што ова село е населено само со муслимани, а другото само со христијани. Во дефтерот од 1568 година стои дека спаѓало во Џума-Пазарско. За поблиско убицирање на селата препорачуваме да се проследи публикацијата „Населените места во Егејска Македонија» од Тодор Си-

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Архангел | 22 | — | 3 | — | Во 1568 не се среќава | | | | |
| 9. | Багничко | 8 | 1 | 1 | 1 | 16 | 2 | 12 | — | — |
| 10. | Баница | 134 | 5 | 29 | — | 76 | 2 | 68 | — | — |
| 11. | Бач[67] | 58 | 1 | 6 | | 40 | — | 25 | — | — |
| 12. | Бегна | 60 | 2 | 1 | — | 60 | 2 | 11 | — | — |
| 13. | Безџилер | — | — | — | 7 | — | — | — | 5 | 11 |
| 14. | Берово Арзулар | — | — | — | 12 | — | — | — | 16 | 4 |
| 15. | Блатец | 30 | 2 | — | — | 34 | 1 | 11 | — | — |
| 16. | Борешница | 46 | 1 | 3 | 14 | 16 | 1 | 16 | 14 | — |
| 17. | Бешотино[68] | 67 | 1 | 11 | — | 39 | — | 21 | 1 | — |
| 18. | Бучин | 6 | — | — | — | 6 | 5 | — | — | — |
| 19. | Вилани | 32 | — | 2 | — | 7 | 1 | 4 | — | — |
| 20. | Винкрчиште[69] | 38 | 3 | 4 | — | 39 | 4 | 42 | — | — |
| 21. | Војводина | 50 | — | 19 | — | 37 | 2 | 20 | 3 | — |
| 22. | Воштарани | 280 | 8 | 18 | — | 156 | 14 | 99 | 14 | 13 |
| 23. | Врапчиш | 81 | 2 | 15 | — | 30 | 3 | 74 | — | — |
| 24. | Врбјани[70] | 129 | 4 | 14 | — | 99 | 11 | — | — | — |
| 25. | Врбјани (повторно) | 104 | 3 | 11 | | 53 | 5 | 67 | 7 | — |
| 26. | Врбоец | 7 | 1 | 3 | — | | | | | |
| 27. | Вртолом | 37 | 2 | 3 | — | 16 | 3 | 21 | — | — |
| 28. | Гираново | 146 | 2 | 25 | 2 | 67 | — | 40 | 12 | 11 |
| 29. | Горичко | 41 | 2 | 7 | | | | | | |
| 30. | Горничево | 50 | 2 | 9 | — | 60 | 5 | 63 | — | — |
| 31. | Грачани | 42 | — | 6 | — | 33 | 2 | 16 | — | — |
| 32. | Граматиково | 145 | 2 | 40 | — | 203 | — | 77 | 5 | — |
| 33. | Гугово | 58 | — | 16 | — | 23 | 1 | 12 | 3 | — |
| 34. | Ѓулинци[71] | 78 | 2 | 9 | 5 | 81 | — | 100 | 18 | — |
| 35. | Гуслав[72] | — | — | — | 16 | — | — | — | | |
| 36. | Дебовјани | Не се среќава | | | | 13 | — | 10 | — | — |
| 37. | Дебре | 53 | 2 | 15 | 27 | 40 | 4 | 70 | 64 | 19 |
| 38. | Демирџилер | — | — | — | — | — | — | — | 23 | 39 |

мовски и во издание на Институтот за национална историја, Скопје 1978, како и публикуваниот попис за Леринската нахија од Архивот на Македонија. Добар дел од селата што ги даваме во табеларниот преглед не се аоѓаат кај Симовски.

[66] Точно така е регистрирано.

[67] По начинот на пишувањето многу е тешко да се определи точно дали е во прашање Бач или Белица.

[68] Напишано е така што може да се прочита како Бешотино или Пешотино

[69] Точно така е напишано·

[70] Многу е тешко да се одреди точно за кое Врбјани станува збор, а може да е во прашање и село Врбени. Напишано е В-и-р-б-ј-а-н-и.

[71] Значи ова село имало и втор назив Рудник. Да потсетиме дека во Леринско има друго село со назив Рудник.

[72] Читањето е правилно, но во некои други пописни дефтери се среќава и село Гузлу.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 39. | Деревени[73] | — | — | — | 133 | — | — | — | 145 | 19 |
| 40. | Д'лгогашти[74] | 37 | 2 | 5 | — | 31 | 1 | 27 | 15 | 10 |
| 41. | Добровени | 9 | — | — | — | 21 | 1 | 18 | — | — |
| 42. | Добродишта | 170 | 7 | 24 | — | 193 | 7 | 81 | — | — |
| 43. | Домовиште | 38 | 1 | 6 | — | 35 | 3 | 49 | — | — |
| 44. | Драчевица втор назив Кочани | — | — | — | 125 | — | — | — | 58 | 18 |
| 45. | Дреново | 11 | 3 | 3 | — | 31 | — | 38 | 1 | — |
| 46. | Дубјак | 13 | 1 | 9 | — | 13 | — | 10 | — | — |
| 47. | Ејле Обаси | — | — | — | 36 | — | — | — | 41 | 22 |
| 48. | Еловец | — | — | — | 45 | — | — | — | 39 | 8 |
| 49. | Елхово | 95 | 14 | 8 | — | 74 | — | 32 | — | — |
| 50. | Емир | — | — | — | 6 | | | | | |
| 51. | Енборија | 108 | 3 | 25 | — | 88 | 3 | 50 | 3 | 1 |
| 52. | Ертогмушлар | — | — | — | 43 | — | — | — | 79 | 17 |
| 53. | Евиниз Јенмез (?)[75] | — | — | — | — | — | — | — | 33 | 4 |
| 54. | Жерви | 80 | 1 | 18 | — | 28 | — | 16 | 1 | — |
| 55. | Живојно | 139 | 3 | 35 | 1 | 131 | — | 127 | 15 | 1 |
| 56. | Жупан | 13 | — | 2 | — | 12 | — | 10 | — | — |
| 57. | Забрдени | 89 | — | 18 | — | 68 | — | 40 | — | — |
| 58. | Зазари | 31 | 1 | 8 | — | 25 | 1 | 36 | — | — |
| 59. | Згопиште[76] | — | — | — | — | 6 | — | 5 | — | — |
| 60. | Зеленич | 60 | 3 | 17 | 4 | 22 | — | 28 | 9 | — |
| 61. | Ивретино | 60 | 3 | 28 | 1 | | | | | |
| 62. | Идрислер | — | — | — | 13 | — | — | — | 13 | 3 |
| 63. | Инели[77] | — | — | — | 36 | — | — | — | 41 | 22 |
| 64. | Каз Обаси[78] | — | — | — | — | — | — | — | 15 | 2 |
| 65. | Каленик Горни | 53 | — | 2 | 4 | 27 | 5 | 25 | 16 | — |
| 66. | Каленк Долни | 26 | 1 | 3 | 14 | 21 | — | 12 | 22 | — |
| 67. | Калкан (?)[79] | — | — | — | 36 | — | — | — | 40 | 13 |
| 68. | Калугерица | 36 | 1 | — | 3 | — | 17 | 1 | 27 | |
| 69. | Кара Агач | — | — | — | — | — | — | — | 48 | 13 |
| 70. | Катраница | 461 | 4 | 54 | 8 | 365 | — | 300 | 25 | 8 |

[73] Читањето е сосема правилно.
[74] Напишано е Д-л-г-о-г-а-ш-т.
[75] Читањето не е сигурно.
[76] Напишано е Изгопишт.
[77] Напишано е Инел Обаси.
[78] Не сме сосема сигурни во правилното читање на првиот збор кај ова село, кој може да се прочита како: каз, хас, па и кади.
[79] Не сме сосема сигурни дека точно сме го грочитале.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71. | Клапашница | 65 | 3 | 5 | 2 | 38 | 3 | 37 | 1 | — |
| 72. | Кладороби | 94 | 6 | 13 | 1 | 32 | 2 | 59 | 5 | — |
| 73. | Клештино | 99 | 4 | 26 | — | 68 | 4 | 55 | 8 | — |
| 74. | Клисура | 29 | — | 9 | — | 30 | — | 24 | 19 | — |
| 75. | К-н-д-р-в-о | 10 | 1 | 3 | — | 8 | 1 | 13 | — | — |
| 76. | Коларица | — | — | — | 21 | — | — | — | 23 | 6 |
| 77. | Конско | 167 | 4 | 33 | — | 198 | — | 102 | — | — |
| 78. | Конух | 149 | 5 | 17 | — | 67 | 3 | 71 | 4 | 1 |
| 79. | Коричко | | | | | 35 | 2 | 36 | 2 | — |
| 80. | Котори Горни[80] | 37 | 2 | 14 | — | 14 | — | 11 | 7 | — |
| 81. | Котори Долни[81] | 21 | 1 | 9 | — | 30 | — | 27 | 1 | — |
| 82. | Кочи Ахмедли[82] | — | — | — | 23 | — | — | — | 49 | 22 |
| 83. | Крапешино | 40 | 11 | 1 | — | 19 | 1 | 31 | 1 | — |
| 84. | Крмско | 172 | 5 | 28 | — | 160 | — | 62 | 12 | — |
| 85. | Крончелево | 76 | — | 16 | | | | | | |
| 86. | Крушорад | 170 | 8 | 4 | — | 50 | 6 | 99 | — | — |
| 87. | Куманово | 49 | 3 | 23 | — | 18 | — | 34 | 5 | — |
| 88. | Курдлар | | — | — | 36 | — | — | — | 37 | 9 |
| 89. | Кутлево | 12 | 1 | 3 | — | | | | | |
| 90. | Кучковени | 44 | 1 | 3 | — | 18 | — | 29 | 2 | — |
| 91. | Лабаница — дервенциско | 49 | 1 | 4 | — | 41 | 2 | 15 | — | — |
| 92. | Лабаница (друго) | 21 | 1 | 10 | — | 22 | 1 | 19 | — | — |
| 93. | Лагино | 27 | — | — | — | 38 | — | — | — | — |
| 94. | Лалалар | — | — | — | 3 | — | — | — | 6 | 1 |
| 95. | Лерин (Флорина) | 167 | 5 | 2 | 79 | 26 | — | 5 | 186 | 17 |
| 96. | Лесковец | 78 | — | 3 | — | 42 | 3 | 40 | — | — |
| 97. | Лесковец (второ) | 15 | 1 | 6 | — | 15 | 2 | 10 | — | — |
| 98. | Лешница | 116 | 2 | 31 | — | 65 | 3 | 64 | 6 | 4 |
| 99. | Лештани | 10 | 1 | — | — | | | | | |
| 100. | Липоре | 17 | — | 3 | — | 16 | 1 | 10 | — | — |
| 101. | Липошница | 35 | 2 | 3 | — | 23 | — | 18 | | |
| 102. | Личани, втор назив Пападија[83] | 13 | 2 | 2 | — | 12 | 3 | 20 | — | — |

[80] Регистрирано е како Јокари Котори (Горни Катор).
[83] Регистрирано е како Долни Котори.
[82] Првиот збор би можел да се прочита и како „Коца».
[83] Сосема правилно се прочитани и двата називи на ова село.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 103. | Л'жани | 90 | 5 | 11 | — | 27 | 1 | 35 | 7 | 1 |
| 104. | Л'нка | 55 | 1 | 2 | 3 | 41 | 1 | 39 | 10 | — |
| 105. | Лошница | 41 | 2 | 24 | — | 39 | 7 | 40 | — | — |
| 106. | Луботен | 76 | 1 | 15 | — | 42 | 3 | 49 | 5 | 2 |
| 107. | Манастир, втор назив Хеничко[84] | 10 | 1 | 2 | — | 9 | — | 8 | — | — |
| 108. | Мокрени | 52 | 1 | 27 | — | 36 | — | 42 | — | — |
| 109. | Мотешница | 23 | — | 2 | — | 11 | — | 9 | — | — |
| 110. | Невеска | 7 | — | — | — | ненаселено | | | | |
| 111. | Неволјани Горно | 68 | 6 | 16 | 1 | 38 | 1 | 40 | 11 | 1 |
| 112. | Неволјани Долно | 157 | 6 | 33 | 1 | 119 | — | 35 | 8 | — |
| 113. | Негованци | 57 | 3 | 9 | 3 | 10 | — | 3 | 15 | 3 |
| 114. | Негочани | 98 | 4 | 28 | 5 | 48 | 2 | 63 | 7 | — |
| 115. | Неоказ | 70 | 2 | 26 | 2 | 35 | 2 | 26 | 10 | — |
| 116. | Нерет[85] | 97 | 6 | 10 | — | 81 | 5 | 65 | — | — |
| 117. | Нисија | 60 | 1 | 9 | — | 55 | 2 | 29 | 4 | — |
| 118. | Новиград | 171 | 20 | — | — | 89 | 1 | 121 | 11 | — |
| 119. | Ново село[86] | 6 | 2 | 10 | 3 | 30 | — | 14 | 11 | — |
| 120. | Ново село, втор назив Паликруша[87] | 58 | 17 | — | — | 36 | — | 22 | — | 5 |
| 121. | Оглиша[88] | 27 | 6 | — | — | — | — | — | — | — |
| 122. | Ордуш | 23 | — | 2 | — | 15 | — | 22 | — | — |
| 123. | Ослоха | 147 | 6 | 43 | — | 80 | 4 | 93 | — | — |
| 124. | Острво | 474 | 29 | 103 | 35 | 275 | 15 | 200 | 36 | — |
| 125. | Палихор Горни | 25 | 2 | 7 | 9 | 27 | 1 | 20 | 7 | — |
| 126. | Палихор Долни | 118 | — | 27 | — | 67 | — | 48 | — | — |
| 127. | Папашево, втор назив Печево | 60 | 3 | 7 | — | 52 | 1 | 70 | — | — |
| 128. | Пателе | 189 | 4 | 29 | — | 118 | 6 | 106 | — | — |
| 129. | Пелка[89] | 50 | 3 | 2 | 1 | — | — | — | — | — |
| 130. | Петерско | 223 | 3 | 62 | 3 | 175 | — | 87 | 11 | — |

[84] Точно се прочитани и двата називи на селото.

[85] Напишано е Н-р-д.

[86] Се среќаваат неколку села со назив Ново Село и многу е тешко точно да се убицира.

[87] Вториот назив на ова село точно укажува за кое село станува збор.

[88] Би можело да се прочита и кко Оклис.

[89] Би можело да се прочита и како Белка. Кај Симовски има село со назив Пелката. Најверојатно е во прашање исто село.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 131. | Петорак | 59 | 1 | 8 | — | 30 | — | 42 | — | — |
| 132. | Песошница | 128 | 6 | 11 | — | 67 | 6 | 50 | 7 | — |
| 133. | Писодер[90] | | | мезра | | 60 | 2 | — | — | — |
| 134. | Плешевица | 24 | 1 | 6 | 2 | 14 | 1 | 16 | 5 | — |
| 135. | Прибилци[91] | 181 | 3 | 28 | — | 100 | — | 106 | 9 | 1 |
| 136. | Покрвеник | 41 | 4 | 7 | — | 30 | 4 | 15 | 1 | — |
| 137. | Радуш | 27 | 2 | 7 | — | 22 | 3 | 40 | — | — |
| 138. | Радуништа | 16 | — | 4 | 3 | 10 | — | 14 | 2 | — |
| 139. | Ракита | 43 | — | 7 | — | 51 | — | 22 | — | — |
| 140. | Рибарци | 82 | — | 19 | — | 50 | 1 | 45 | 8 | — |
| 141. | Рамби[92] | 7 | — | 2 | — | 5 | — | 11 | — | — |
| 142. | Росна[93] | 70 | 3 | 15 | — | 33 | 2 | 6 | 14 | — |
| 143. | Рошавица | 31 | 2 | 7 | — | 44 | — | 41 | — | — |
| 144. | Рудник | 160 | 6 | 36 | 1 | 100 | 6 | 91 | 9 | 4 |
| 145. | Русилово | 68 | 1 | 9 | — | 35 | 1 | 6 | — | — |
| 146. | Садово, втор назив Шенчи | 39 | 6 | 10 | — | 52 | 3 | 15 | — | — |
| 147. | Сакулево | 78 | 5 | 11 | — | 52 | 5 | 49 | 11 | — |
| 148. | Свети Тодор | 80 | 2 | 19 | 2 | 38 | 2 | 29 | — | — |
| 149. | Секирци | 24 | 2 | 4 | — | 19 | — | 21 | 4 | — |
| 150. | Селце[94] | 71 | — | 20 | — | 25 | — | 25 | — | — |
| 151. | Селце | 20 | — | — | — | 4 | — | 8 | — | — |
| 152. | Селица | — | — | — | — | 19 | — | 6 | — | — |
| 153. | Сенделли | — | — | — | 13 | — | — | — | 14 | 5 |
| 154. | Сетино Горно[95] | 35 | 1 | 6 | — | 23 | 3 | 29 | — | — |
| 155. | Сович | 26 | 2 | 6 | — | 25 | 2 | 36 | — | — |
| 156. | Солинар | 28 | — | 5 | — | 25 | — | 18 | — | — |
| 157. | Соровичево | 59 | 2 | 11 | — | 13 | — | 11 | 1 | — |
| 158. | Сотир | 115 | 3 | 5 | 4 | 67 | 3 | 56 | 8 | — |
| 159. | Спанци | 75 | 3 | 8 | — | 51 | 8 | 98 | 5 | — |
| 160. | Спиље | 29 | 5 | 14 | 3 | 20 | 3 | 40 | 4 | — |
| 161. | Сребрени | 28 | 1 | 3 | — | 21 | 2 | 17 | — | — |
| 162. | Статица | 43 | 2 | 6 | — | — | — | — | — | — |
| 163. | Ст’лпово | 95 | 3 | 29 | — | 74 | — | 66 | — | — |
| 164. | Тарикџилер | — | — | — | 6 | — | — | — | 9 | 3 |
| 165. | Терак | 81 | 1 | 10 | — | 31 | 2 | 16 | — | — |

90 Напишано е И-п-с-о-д-р-и.

91 Напишао е П-р-б-л-ч.

92 Не сме апсолутно сигурни во читањето, иако може да се прочита како Хрмби.

93 Точно така е регистрирано. Кај Симовски има село Росен.

94 Има повеќе села што се напишани така, што можат да се прочитаат како Селце и како Белица.

95 Во дефтеот е регистрирано Горна Сетина.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 166. | Терзи Илјас | — | — | — | 3 | — | — | — | 3 | 1 |
| 167. | Техово | 67 | — | — | 2 | — | — | — | — | — |
| 168. | Тихолишта, втор назив Долно Сетино[96] | 43 | 1 | 11 | — | 12 | — | 5 | — | — |
| 169. | Тресино | 52 | 2 | 13 | — | 22 | — | 24 | 2 | — |
| 170. | Трепчишта | 164 | 4 | 30 | — | 110 | — | 118 | 5 | — |
| 171. | Трстеник | 27 | — | 3 | — | — | — | — | | |
| 172. | Турасилар | — | — | — | 26 | — | — | — | — | — |
| 173. | Турје | 15 | 1 | 2 | — | 20 | 2 | 17 | — | — |
| 174. | Турудлар | — | — | — | 27 | — | — | — | 22 | 7 |
| 175. | Т-р-к-о-к | 18 | — | 3 | — | 12 | 1 | 10 | — | — |
| 176. | Ќоселер | — | — | — | 63 | — | — | — | 69 | 11 |
| 177. | Уцани | 189 | 19 | 28 | — | 175 | 1 | 127 | 1 | — |
| 178. | Хасан Обаси | — | — | — | 40 | — | — | — | 61 | 15 |
| 179. | Хамзалар | — | — | — | 17 | — | — | — | 18 | 8 |
| 180. | Хорово | 44 | 1 | 11 | — | 70 | — | 2 | — | — |
| 181. | Хотоништа[97] | 7 | 2 | 1 | — | 5 | 2 | 3 | — | — |
| 182. | Хранковци[98] | 122 | — | 17 | — | 75 | — | 84 | — | — |
| 183. | Хусеинлер | — | — | — | 13 | — | — | — | 17 | 7 |
| 184. | Царичино[99] | 27 | — | — | — | 19 | — | 9 | — | — |
| 185. | Чалиџилер | — | — | — | 58 | — | — | — | 76 | 5 |
| 186. | Червена | 7 | — | 3 | — | 14 | — | 6 | — | — |
| 187. | Черохово | 69 | 3 | 21 | — | 45 | 1 | 48 | — | — |
| 188. | Чеган | 30 | 1 | — | — | 30 | 1 | 11 | — | — |
| 189. | Черковјани | 28 | — | 11 | 2 | 21 | 2 | 26 | 2 | 2 |
| 190. | Черновиште | 46 | — | 10 | — | 47 | 3 | 39 | — | — |
| 191. | Четирок | 30 | 1 | — | — | 24 | 1 | 10 | 1 | — |
| 192. | Черешница | — | — | — | — | 15 | — | 12 | — | — |
| 199. | Чор | — | — | — | 16 | — | — | — | 25 | 8 |
| | Шишани[100] | 55 | 2 | 23 | — | 36 | 2 | 42 | — | — |

[96] Сосема точно се дешифрурани двата називи на селото.

[97] Како што е напишано би можело да се прочита уште и како Фотохоште. Најверојатно е во прашање селото Фотиниште, за кое Симовски вели дека спаѓало во Костурско.

[98] Кај ова село има два назива: Хранче и Храноквец.

[99] Напишано е Саричина. Претполагам дека е во прашање село со назив царичино, бидејќи во арапската азбука нема буква „Ц" — неа тие ја означуваат или со „С» или со „Џ".

[100] Напишано е Ш-ш-а-н-и. Во други пописни дефтери нема дијакритички точки и во тој случај ќе се чита како Сисани. Нема сомнение дека е во прашање Шишани ксе во 1568 година било мало гратче.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Називи на џематите муслимани населени во мезрата Драгијанци (?): | | | | | | | | | | |
| Џемат — | Беракли | — | — | — | 7 | — | — | — | 19 | 5 |
| „ | Герчеклер | — | — | — | — | — | — | — | 7 | 4 |
| „ | Девлетханли | — | — | — | — | — | — | — | 10 | — |
| „ | Деделер | — | — | — | — | — | — | — | 18 | 10 |
| „ | Дикенли | — | — | — | — | — | — | — | 15 | 10 |
| „ | Ил Бејлер | — | — | — | — | — | — | — | 6 | 3 |
| „ | Инџилер | — | — | — | — | — | — | — | 13 | 13 |
| „ | Кашикџилер | — | — | — | — | — | — | — | 9 | 5 |
| „ | К'р Алилер | — | — | — | 50 | — | — | — | 50 | 7 |
| „ | Ментешли | — | — | — | — | — | — | — | 11 | 3 |
| „ | Севилли | — | — | — | — | — | — | — | 21 | — |
| „ | Тимурханли | — | — | — | — | — | — | — | 15 | 5 |
| „ | Хајдарли | — | — | — | 44 | — | — | — | 87 | 13 |
| „ | Хамза Факихлер | — | — | — | — | — | — | — | 9 | 2 |
| „ | Хаџи Бераклар | — | — | — | — | — | — | — | 14 | 4 |
| „ | Шајинли | — | — | — | — | — | — | — | 11 | 5 |
| Маалото — | Коруџи | — | — | — | — | — | — | — | 10 | 12 |

Metodija SOKOLOSKI

## LERIN UND SEIN KREIS IM 15. UND 16. JAHRHUNDERT

(Zusammenfassung)

Auf Grund dreier Defter (*Tahrir defterleri*) gibt der Verfasser einen Uberblick über den Entwicklungsweg der Stadt Lerin und die Siedlungen in der Lerinschen Nachija im Jahre 1481, 1545 und 1568.

Neben den Arten der feudalen Besitztümer und ihrer Herrscher werden im Beitrag analysiert besondere tabellarische Ubersichten über die Struktur der Bevölkerung und daraus zieht man entsprechende Schlußfolgerungen über die ständige Reduzierung des makedonischen Elements zugunsten des inslamischen. In der Arbeit wird u. a. auf die starke Islamisierung des christlichen Elements im Laufe des 16 Jahrhunderst hingewiesen, ferner auf die Handwerkarten in der Stadt wie auch auf die Vakufseigentümer in der Stadt und ihrer Umgebung.

Im Beitrag gibt der Autor einen Uberblick über die Natural und Geldangaben, zu deren Zahlung an die ummittelbaren Feudalherrscher die Stadt- und Landbevölkerung verpflichtet war. Er zieht einen Vergleich zwischen der Bevölkerung in den besiedelten Orten der Lerinschen Nachija im Jahre 1481, 1545 und 1568. Dabei schenkt er besondere Aufmerksamkeit den Juruken im 15. und XVI. Jahrhudert, als die Massenkolonisierung der Juruken begann nicht nur in der Lerinschen Nachija, sondern auch in anderen Nachijen Ostmakedoniens und im Gebiet von Thessaloniki.

Zum Schluß behandelt der Verfasser Gruppen von der Bevölkerung mit Spezialpflichten wie z. b. Sokolaren, Wojnuken, Derwendschien u.a. Der Arbeit ist beigefügt auch eine Tabelle über die Struktur der Bevölkerung aller besiedelten Orten der Lerinschen Nachija im Jahre 1545 und 1568.